МКС ISO 15189:2013

# Мисија, визија и вредности

## Визија

- Да бидеме лидери во лабораториските испитувања на биолошки материјали од хумано потекло во приватниот здравствен сектор
- Да го подигнеме нивото на лабораториските услуги и здравствениот систем на домицилно ниво
- Да ја развиваме и подржуваме приватната иницијатива и активно да влијаеме врз креирање на подобар деловен амбиент
- Да создадеме институција подобра од нејзините поединци и да бидеме синоним за организација која делува во духот на времето кое доаѓа

## Мисија

- Да понудиме лабораториски услуги, базирани на најсовремени научни достигања, достапни за сите заинтересирани, преку врвен квалитет и ниво прилагодено на желбите и потребите на корисниците на нашите услуги.
- Настојуваме на корисниците на нашите лабораториски услуги да им овозможиме широк спектар на услуги за испитување на биолошки материјали од хумано потекло, така што на едно место сите членови на семејството, од најмлад до највозрасен, да ги направат потребните испитувања.
- Настојуваме да ги обезбедиме најдобрите експерти во нашата дејност за добробит на нашите пациенти.
- Нашиот персонал се состои од врвно обучени специјалисти испитувачи –лаборанти, кои го имаат прифатено највисокиот етички кодекс на делување и се во состојба да ги извршат и најделикатните испитувања.

## Вредности

### Насоченост кон пациентот

Грижата за пациентот е сржта на сите наши активности. Грижата е континуирана и не престанува со напуштање на нашите простории. Настојуваме за пациентите да станеме партнери во надминувањето на нивните здравствени проблеми.

**Фокусираност на вработените**

Нашите вработени имаат комплетна поддршка со вреднување на нивната ангажираност и стручност. Создаваме предизвикувачка средина во која се препознава квалитетната работа со хуман емпатичен однос кон пациентите. Се залагаме за непрекинато учење и усовршување на вработените, за развој на нивната лична култура и прифаќање на промените, со отвореност за нови иницијативи.

**Тимска работа**

Ги поттикнуваме вработените да демонстрираат посветеност кон тимската работа, заеднички тимски цели, меѓусебно помагање, да бидат успешни, да соработуваат и да градат партнерски односи со корисниците на нашите услуги.

**Работна етика**

Во извршувањето на секојдневните активности целиме кон највисоки нивоа на чесност, интегритет и професионализам.Тежнееме кон чесен и одговорен однос на вработените кон себе и кон другите. Нашето делување е без предрасуди, по која било основа, со обврска за чување на медицинско лабораториските сознанија како императив.

**Одговорност кон заедницата**

Отворени, чесни и транспарентни кон заедницата со настојување за заедничко достигање на здраво, безбедно и пријатно опкружување. Се трудиме да ја зачуваме природата и им помагаме на оние на кои помошта им е неопходна. Развиваме култура на соработка меѓу здравствените организации без оглед дали се јавни или приватни. Со почит се однесуваме кон конкуренцијата и активно учествуваме во промена и примена на законските регулативи за создавање на подобар деловен амбиент со цел интеграција во европските и светските текови.